# ЗАКОН ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр. 45/97 од 12.09.1997 година**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, финансирањето на комуналните дејности и други прашања од значење за комуналните дејности.

**Член 2**

Вршењето на комунални дејности е од јавен интерес.

**Член 3**

Комунални дејности во смисла на овој закон се:

1. Снабдување со вода за пиење, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот;
2. Обработка и испорака на технолошка вода, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот;
3. Одведување и пречистување на отпадни води, под што се подразбира прифаќање на отпадни води од куќниот приклучок на дворната канализациона мрежа, одведување со уличната канализациона мрежа, пречистување и испуштање во реципиент, како и чистење на септички јами;
4. Одведување и испуштање на атмосферски води, под што се подразбира прифаќање на атмосферски води од урбани површини, одведување со канализациона мрежа и испуштање во реципиент;
5. Јавен градски и приградски превоз, под што се подразбира превоз на патници на линии во градови и други населени места, освен превозот со железница кој е утврден со посебен закон;
6. Обработка и депонирање на комунален цврст отпад, под што се подразбира селектирање, собирање, транспортирање и обработка на комунален цврст отпад од населението и индустријата, негова рециклажа и преработка, депонирање на уредени депонии, како и одржување на депониите;
7. Депонирање на индустриски отпад и штетни материи, под што се подразбира собирање, транспортирање, обработка и депонирање на отпадот на уредени депонии, како и одржување на депониите;
8. Одржување на јавна чистота во градски и други населби, под што се подразбира чистење (миење и метење) на јавни и сообраќајни површини, одржување на пешачки патеки, детски игралишта, отворени одводни канали, кејови, како и чистење на снегот во зимски услови;
9. Одржување и користење на паркови, зеленило, парк - шуми, водни и рекреативни површини, под што се подразбира подигање, одржување и

користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација и слично;
10. Одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење, под што се подразбира нивно редовно инвестиционо и зимско одржување;
11. Одржување на гробови, гробишта, крематориуми и давање погребални услуги, под што се подразбира одржување на гробовите, гробиштата, просторот, зградите и давање погребални услуги и тоа: преземање, чување, опремување и превоз на умрените до местото на закоп, закоп или кремирање;
12. Одржување на јавно осветлување, под што се подразбира одржување на уличното осветлување во исправна состојба;
13. Одржување и користење на јавниот простор за паркирање, под што се подразбира одржување на просторот и објектите и давање на соодветни услуги, како и утврдување на начинот на негово користење;
14. Одржување и користење на пазари на големо и мало, под што се подразбира одржување на комуналните објекти, односно просторот и објектите изградени за давање на услуги на трговија;
15. Вршење на оџачарски услуги, под што се подразбира чистење и контрола на објектите за спроведување на чад и опремата за ложење;
16. Одржување на комунални уреди, под што се подразбира одржување во функционална состојба на градски часовници, чешми, фонтани и други комунални уреди и опрема и
17. Отстранување и чување на непрописно паркирани возила, ерадикација на животни скитници, украсување на населените места, одржување на јавни санитарни јазли, аерозапрашувања, дезинфекција, дератизација и слично.

**Член 4**

Развојот на комуналните дејности се врши со планови и годишни програми, во согласност со закон.

**Член 5**

Физичките и правните лица кои ги вршат комуналните дејности од член 3 на овој закон, должни се да обезбедат трајно и квалитетно вршење на дејностите, како и одржување на објектите и опремата на комуналната инфраструктура, во функционална состојба.

**Член 6**

Посебните услови и начинот на вршење на комуналните дејности од член 3 на овој закон, освен од точките 9, 13, 15, 16 и 17, се уредуваат со закон.

**Член 7**

Општината, односно Градот Скопје е должна да донесе одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување.
Под комунален ред во смисла на став 1 од овој член, се подразбира поблиско уредување на односите и начинот на вршење на комуналните дејности меѓу корисниците и давателите на услугите.

## II. ОБЈЕКТИ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

**Член 8**

Објекти на комунална инфраструктура се градежни објекти, постројки, уреди, инсталации, јавно - сообраќајни површини и други објекти на комуналната инфраструктура, за вршење на комунални дејности.

Објектите од став 1 на овој член се добра од општ интерес за Републиката и можат да се пренесат на користење и одржување, на начин утврден со закон.

**Член 9**

Објектите на комуналната инфраструктура се делат на:

1. Основни, во кои спаѓаат:

- градски плоштади и јавни градски простори;
- основни сообраќајници и улици со тротоари;
- улично осветлување на основните сообраќајници, плоштадите и јавните градски простори;
- јавно градски и вонградски зелени површини (паркови и слично);
- основна атмосферска канализација;
- основна фекална канализација и одвод на отпадни води;
- пречистителни станици за фекална канализација и отпадни води;
- каптажи, резервоари и пречистување на вода за пиење;
- основна водоводна мрежа;
- основна високонапонска електрична мрежа (над 10 KW), со високонапонски трафостаници (над 110/10 KW);
- основни ПТТ мрежи;
- основни топловодни мрежи;
- основни гасоводни мрежи;
- гробишта и крематориуми;
- депонии и
- други основни комунални инсталации утврдени со генералниот урбанистички план.

2. Секундарни, во кои спаѓаат:

- секундарни улици со тротоари и јавни паркиралишта;
- секундарна водоводна мрежа;
- улично осветлување на секундарните улици и јавните паркинзи;
- градското зеленило на урбаните единици и објектите;
- секундарна атмосферска канализација,
- секундарна фекална канализација и одводи на отпадни води;
- секундарна (нисконапонска) електрична мрежа (под 10 KW) и секундарни трафостаници (под 110/10 KW);
- секундарни ПТТ мрежи;
- секундарни топлификациони мрежи;
- секундарни гасоводни мрежи и
- други секундарни инфраструктурни мрежи и инсталации, утврдени со деталните урбанистички планови и проекти.

**Член 10**

Објектите на комуналната инфраструктура според својата намена се делат на објекти за задоволување на индивидуалната и заедничката комунална потрошувачка.

Објекти на комуналната инфраструктура што служат за индивидуална комунална потрошувачка, се објектите за:

- испорака на вода до главниот цевковод до мерниот инструмент на корисникот;
- испорака на гас од главниот цевковод до мерниот инструмент на корисникот;
- испорака на топлина од централниот извор на греење со топлотна мрежа до подстаницата на корисникот, вклучувајќи ја и подстаницата со целокупната опрема и енергија за нејзино функционирање;
- одведување и пречистување на отпадни води од приклучокот на корисникот до главниот цевковод;
- јавен градски и приградски превоз;
- одржување на пазари на големо и мало;
- обработка и депонирање на комунален цврст отпад;
- давање на погребални услуги;
- вршење на оџачарска дејност и
- други дејности од индивидуалната комунална потрошувачка, што ќе ги утврдат општините, Градот Скопје, односно Републиката, за поединечни корисници.

Објекти на комуналната инфраструктура што служат за заедничка комунална потрошувачка, се објектите за:

- одведување и испуштање на атмосферски води, од главната колекторска мрежа до реципиентот;
- одржување на јавна чистота во градски и други населби;
- депонирање на индустриски отпад и штетни материи;
- одржување на улици, заедно со хоризонтална и вертикална сигнализација и други инфраструктурни објекти, кои се пристапни за поголем број корисници;
- одржување на гробови, гробишта и крематориуми;
- одржување и користење на паркови и на зелени површини;
- одржување на јавно осветлување;
- одржување на главни водоснабдителни системи и
- одржување и користење на коритата на реките.

**Член 11**

Сопственикот на градежен објект, изграден согласно со законските прописи, должен е објектот да го приклучи на комуналната инфраструктура.

**Член 12**

Бесправно изградените објекти не смее да се приклучуваат на инфраструктурните мрежи и системи.

**Член 13**

Изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфраструктура се финансира од:
- учеството на инвеститорот во уредување на градежното земјиште;
- цената на комуналната услуга;
- надоместок за употреба на градежно земјиште - рента во висина од 50% од вкупно прибраните средства по оваа основа;
- буџетот на основачот;
- донаторство;
- наменски средства на давателите и корисниците на комунални услуги и
- други средства утврдени со закон.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

**Член 14**

Комунална дејност може да се врши со основање на јавно претпријатие за комунална дејност (во натамошниот текст: јавно претпријатие), со давање концесија за вршење на комунална дејност на начин утврден со закон (во натамошниот текст: концесија) и со дозвола за вршење на комунална дејност (во натамошниот текст: дозвола).

**Член 15**

Заради организирање и квалитетно вршење на комуналните дејности и стопанисување со објекти на комуналната инфраструктура од локален карактер, кои се протегаат или служат за давање на комунални услуги на подрачјето на една општина, општината може да основа јавно претпријатие доколку на нејзиното подрачје, за вршење на таква дејност, не постои јавно претпријатие.

**Член 16**

Заради организирање и квалитетно вршење на комуналните дејности и стопанисување со објекти на комуналната инфраструктура кои се протегаат или служат за давање на комунални услуги на корисници на подрачјето на две или повеќе општини, општините, односно Градот Скопје, со меѓусебна спогодба на начин утврден со закон може да основаат меѓуопштинско јавно претпријатие, доколку на нивното подрачје не постои друго јавно претпријатие за вршење на истата комунална дејност.

**Член 17**

Владата на Република Македонија за инфраструктурните системи кои се од економско, техничко- технолошко, функционално и од значење за заштитата на животната средина за Републиката, основа јавни претпријатија за водоснабдителни системи, канализациони системи со пречистителни станици, депонии за комунален цврст отпад и депонии за

индустриски опасни и штетни материи, крематориуми и други инфраструктурни системи утврдени со закон.

**Член 18**

Водоснабдителни системи од член 17 на овој закон се: водоснабдителните системи "Студенчица- Злетовица" и други системи утврдени со закон.
Водоснабдителниот систем од став 1 на овој член го опфаќа зафатот и главниот цевовод до мерниот инструмент пред дистрибутивната мрежа.

**Член 19**

Канализациони системи со пречистителни станици од член 17 на овој закон, се колекторските системи за заштита на: Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро и други системи утврдени со закон.

**Член 20**

Јавното претпријатие од член 14 од овој закон може да се организира како друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво, кога во него ќе се вложат средства на физички и правни лица на начин утврден со закон.
Во јавното претпријатие можат да се вложат средства на физички и правни лица за вршење на дејностите утврдени во член 2 став 1 точките 5, 6, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 од овој закон.

**Член 21**

Јавните претпријатија регистрирани за комунална дејност, по претходна согласност на основачот можат да вршат и друга дејност.
Основачот на јавното претпријатие ги утврдува условите и начинот на распоредување и користење на вишокот на средства остварени од работењето на претпријатието.

**Член 22**

Над јавното претпријатие што врши комунална дејност, не може да се отвори постапка за стечај, освен во случаите утврдени со закон.
Во случај на настанување на услови за отворање и спроведување на постапка за стечај над јавното претпријатие, основачот е должен да преземе мерки за обезбедување услови за непречено работење и функционирање на јавното претпријатие и да даде гаранции за исполнување на обврските на јавното претпријатие спрема трети лица.
Основачот може да одлучи јавното претпријатие да престане со работа, ако настапиле услови за отворање постапка за стечај, само ако претходно го обезбедил вршењето на комуналната дејност на начин и постапка утврдени со закон.

**Член 23**

Јавните претпријатија што вршат комунална дејност можат да се поврзуваат во групи на претпријатија, на начин утврден со закон.

**Член 24**

Со концесија се стекнува право за вршење на комуналните дејности на член 3 од овој закон, во согласност со закон.

**Член 25**

Вршењето на комуналните дејности може да се остварува со давање дозвола на физички и правни лица од страна на Владата на Република Македонија, општината, односно Градот Скопје освен за дејноста од член 3 точка 7 на овој закон, согласно со одредбите на Законот за јавните претпријатија.

## IV. СРЕДСТВА ЗА ВРШЕЊЕ НА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

**Член 26**

Средства за вршење на комунални дејности од член 10 став 2 на овој закон, се остваруваат од цената на комуналните услуги.

Средства за вршење на комунални дејности од член 10 став 3 на овој закон, се остваруваат од:

- надоместок за употреба на градежно земјиште - рента, во висина од 50% од вкупно прибраните средства по оваа основа;
- цената на комуналната услуга;
- буџетот на општината, Градот Скопје и
- други средства утврдени со закон.

**Член 27**

Висината на цената и начинот на плаќање на комуналните услуги, ја определува управниот одбор на јавното претпријатие, по претходна согласност на основачот.

**Член 28**

Ако корисникот редовно не ја плаќа комуналната услуга, давателот има право да го прекине давањето на услугата, под услови и на начин утврден со закон.

**Член 29**

Плаќањето на комунални услуги се врши во следниве мерни единици:

- обработка и испорака на вода - ден/м$^3$;
- производство и испорака на гас - ден/лит;
- производство и испорака на топлина - ден/м$^2$, ден/ џул;
- одведување и пречистување на отпадни води - ден/м$^3$;
- јавен градски и приградски превоз - ден/патник;
- одржување на хигиена во градски и други населби - ден/м$^2$;
- одржување на хигиена во стопанството - ден/м$^2$;
- собирање и транспортирање на комунален цврст отпад - ден/м$^2$;
- обработка и депонирање на комунален цврст отпад - ден/тон;
- давање на погребални услуги -ден/погреб;
- одржување на пазари на големо и мало - ден/продажно место;
- одржување и подигање на зеленило - ден/м$^2$ и

- вршење на оџачарска дејност - ден $м^1$/ф.

## V. НАДЗОР

**Член 30**

Надзор над примената на овој закон врши органот на државната управа надлежен за работите на урбанизмот, градежништвото и заштита на животната средина.
Инспекциски надзор над законитоста во работењето на субјектите во комуналната дејност вршат Републичкиот комунален инспекторат како орган во состав на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина и комунални инспектори на општините односно Градот Скопје.

**Член 31**

Републичкиот комунален инспекторат го сочинуваат главен републички комунален инспектор и републички комунални инспектори.

**Член 32**

Републичките комунални инспектори вршат инспекциски надзор над јавните комунални претпријатија утврдени во член 17 на овој закон и над физичките и правните лица на кои Владата им дала концесија или дозвола за вршење на комунална дејност.
Републичките комунални инспектори вршат инспекциски надзор и во итни случаи кога поради одлагање може да настане опасност по животот и здравјето на граѓаните и имотот.

**Член 33**

Општините, односно Градот Скопје за вршење на работите во областа на комуналните дејности, во рамките на нивните надлежности утврдени со закон, назначуваат комунални инспектори.
Комуналните инспектори од став 1 на овој член вршат инспекциски надзор над јавните комунални претпријатија основани од општините, односно Градот Скопје над спроведувањето на одлуката за комунален ред и над физичките и правните лица на кои општината, односно Градот Скопје им дал дозвола за вршење комунална дејност.

**Член 34**

За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и преземените мерки од надзорот, комуналниот инспектор е должен да состави записник и да го достави на физичкото и правното лице каде што вршел инспекција.
Ако при вршењето на инспекциски надзор инспекторот утврди дека е сторен прекршок или кривично дело, должен е да покрене постапка пред надлежен суд.

**Член 35**

Комуналниот инспектор по извршениот инспекциски надзор донесува решение.
Жалба против решение донесено од републичкиот комунален инспектор може да се поднесе до Комисијата на Владата на Република Македонија.
Жалбата против решение донесено од комунален инспектор на општина, односно Градот Скопје може да се поднесе до советот на општината, односно Градот Скопје.
Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Член 36**

Комуналниот инспектор има легитимација.
Легитимацијата на комуналниот инспектор ја издава органот што го назначува.
Министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина го пропишува образецот и начинот на издавањето на легитимацијата на комуналниот инспектор.

## VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 37**

Со парична казна од 150.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице, давател на комунална услуга, ако:
- го прекине извршувањето на комуналните дејности или не ја извршува квалитетно комуналната дејност или комуналните објекти и уреди не ги одржува во функционална состојба (член 5 и член 22 став 2);
- го приклучи градежниот објект без да ги почитува условите пропишани со закон (член 11);
- бесправно изградениот објект го приклучи на инфраструктурните мрежи и системи од секаков вид (член 12);
- врши друга дејност без согласност на основачот (член 21 став 1);
- врши комунална дејност без дозвола (член 25);
- на корисникот на комунална услуга му наплати повисока цена од утврдената (член 27) и
- плаќањето на цената на комуналната услуга не се определува според утврдените мерни единици (член 29).

Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице на правното лице - давател на комунална услуга.
Со парична казна од 10.000 до 20.000 денари, ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и физичкото лице давател на комунална услуга.

**Член 38**

Со парична казна од 150.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок, корисникот на комунална услуга - правно лице ако не се придржува на Одлуката за комунален ред (член 7).

Со парична казна од 150.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок корисникот на комунална услуга - правно лице, ако не ги плати трошоците за приклучување на објектот на комуналната инфраструктура (член 11).
Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок од ставовите 1 и 2 на овој член и одговорното лице на правното лице - корисник на комунална услуга.
Со парична казна од 10.000 до 20.000 денари ќе се казни за прекршок од ставовите 1 и 2 на овој член и физичко лице - корисник на комунална услуга.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

Владата на Република Македонија, општината, односно Градот Скопје ќе ги донесат прописите и другите акти согласно со овој закон во рок од три месеци од денот на неговото влегување во сила.

**Член 40**

Доколку општините, односно Градот Скопје во рок определен со закон, не ја склучат меѓусебната спогодба од член 16 на овој закон или не обезбедат вршење на комуналните дејности, Владата на Република Македонија ќе ја преземе грижата за вршење на комуналните дејности од член 3 точки 1, 2, 3, 4, 6 и 7 на овој закон, на товар на буџетот на единицата на локалната самоуправа, на начин утврден со овој и друг закон.

**Член 41**

Јавните комунални претпријатија кои до денот на конституирањето на советот на општината, односно Градот Скопје, имале статус на општински комунални претпријатија, прераснуваат во меѓуопштински јавни претпријатија за комунална дејност, која ја вршеле за подрачјето на сите новоосновани општини и општината од која произлегле.
Новооснованите општини и општината од која тие произлегле, по пат на меѓусебна спогодба, можат да се договорат постојното јавно претпријатие да врши и други комунални дејности што дотогаш не се вршеле на нивното подрачје.

**Член 42**

Доколку на подрачјето на општината постојното јавно претпријатие не врши одредени комунални дејности, општината може да основа јавно претпријатие за вршење на тие дејности, или да го обезбеди вршењето на дејноста на начин утврден со овој и друг закон.

**Член 43**

Ако објектите на комуналната инфраструктура се протегаат или наоѓаат на подрачјето на друга општина и како такви се користеле за вршење на комунална дејност до основање на новите општини, истите продолжуваат да се користат за таа цел од општините кои претходно ги користеле.

Општините од став 1 на овој член, по пат на спогодба ќе го обезбедат вршењето на комуналните дејности и на нивното подрачје, преку користење на објектите на комуналната инфраструктура или за таа цел ќе основаат ново јавно претпријатие.

**Член 44**

Јавните комунални претпријатија односно одделни делови од нив, кои вршат дополнителни дејности можат да се издвојат и трансформираат во друштва со ограничена одговорност или акционерски друштва и други облици согласно со овој и друг закон.

**Член 45**

Овој закон влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".